ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 11-124/3**

**Дата: 14.12.2011**

**ДО**
**АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извешти заедно со ревизија на усогласеност на Депозитната сметка – 696 на Агенцијата за управување со одземен имот за 2010 година (во натамошен текст Агенцијата).

Не е вршена ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Депозитната сметка - 696 за 2010 година на Агенцијата за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, издадовме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Одредбите на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка предвидуваат недвижниот имот конфискуван по конечни одлуки да се продава, а приходите од продажба да бидат директни приходи на Буџетот на Република Македонија. Во текот на 2010 година, конфискуваните парични средства во износ од 68.202 илјади денари како дел од имот одземен со конечни судски пресуди, не се директно уплатени во Буџетот на Република Македонија.

Во постапка на конфискација на имот по конечна судска пресуда, одземен е недвижен имот - куќа, која е оптоварена со Договор за закуп склучен помеѓу

претходниот сопственик и закупец, со рок на важност до 31.08.2011 година. Со пренесувањето на правото на сопственост на име на Република Македонија во 2010 година, од страна на Агенцијата не се преземени активности ниту за раскинување ниту за склучување нов договор за закуп.

За надминување на состојбите, ревизијата даде препораки надлежните органи за раководење и управување на Агенцијата да преземат активности, средствата од продажба и конфискација на одземен имот со правосилна одлука да се уплатуваат директно во Буџет на Република Македонија, како и да преземат активности за уредување на должничко – доверителските односи со закупецот на одземениот објект.

Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законскиот рок.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страните од 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на Депозитната сметка на Агенцијата за управување со одземен имот - 696, која се состои од Билансот на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, биланс на состојба и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Депозитната сметка -696 на Агенцијата за управување со одземен имот, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Ванчо Шехтански – директор ОД 02.12.2008 до 19.09.2010 година и
- Ирена Брзанова - в.д. директор од 20.09.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Депозитната сметка – 696 на Агенцијата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.08.2011 до 30.09.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 10.11.2011 година.

Од страна на одговорните лица не се доставени забелешки на Нацрт извештајот во законски утврдениот рок.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Во постапка на конфискација на имот по конечна судска пресуда, одземен е недвижен имот - куќа, која е оптоварена со Договор за закуп склучен помеѓу претходниот сопственик и закупец, со рок на важност до 31.08.2010 година, односно со можност за пролонгирање на истиот до 31.08.2011 година. Со пренесувањето на правото на сопственост на име на Република Македонија, од страна на Агенцијата не се преземени активности ниту за раскинување ниту е склучен нов договор за закуп. Недвижниот имот се користи и понатаму од страна на закупецот, поради што на ден 15.03.2011 година добиено е писмо од закупецот со кое ја известува Агенцијата дека закупот би го користел минимум до 2012 година односно максимум до 2014 година. Побарувања по основ на закупнина за 2010 година не се евидентирани, додека приходите уплатени се на депозитната сметка на Агенцијата во 2011 година. Со ваквиот начин на управување со недвижните ствари, односно издавање на недвижни ствари под закуп без склучен договор, постои ризик од неможност за доследно остварување на правата и обврските на двете страни.

**Препорака:**
Надлежните органи за раководење и управување на Агенцијата да преземат активности за уредување на должничко – доверителските односи со закупецот на недвижниот имот.

3.1.2. Во рамките на трезорската сметка на Буџетот на Република Македонија, во април 2010 година Агенцијата има отворено посебна сметка, депозитна сметка, на која покрај средствата добиени од продажба на привремено одземено предмети, се уплатуваат и добиените средства од продажба на одземен имот односно недвижен имот и предмети одземени со правосилна одлука, што не е во согласност со член 50 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, согласно кој истите се приход на Буџетот на Република Македонија и треба директно да се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија. Во текот на 2010 година, на депозитната сметка на Агенцијата, остварен е приход по основ на конфискување на парични средства по конечни судски пресуди и продажба на одземени предмети во износ од 68.314 илјади денари, од кои 68.202 илјади денари се уплатени во Буџетот на Република

Македонија. Со ваквиот начин на уплата и трансфер на средствата во Буџетот на Република Македонија, постои ризик од ненавремена и нецелосна уплата на истите во Буџетот на Република Македонија.

**Препорака:**
Надлежните органи за раководење и управување на Агенцијата да преземат активности средства од продажба и конфискација на одземен имот со правосилна одлука, да се уплатуваат директно во Буџетот на Република Македонија.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Депозитната сметката - 696 на Агенцијата за управување со одземен имот на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за управување со одземен имот –Депозитна сметка - 696, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година

000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 68.376 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **68.376** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Субвенции и трансфери | 3.2. | 68.250 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **68.250** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **68.250** | **0** |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | 126 | |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 126 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **126** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **126** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 126 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **126** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **126** | **0** |